# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**АД „Електрани на Македонија" - Скопје е компанија за производство и испорака на електрична и топлинска енергија и во согласност со визијата за развој на компанијата, презеде обврска да воспостави и спроведува систем за менаџмент со квалитетот, целосно усогласен со принципите и барањата на стандардот ISO 9001:2015, како дел од определбата за успешно работење.**

Стратегиски цели на АД ЕЛЕМ - Скопје се:

- Обезбедување редовно, континуирано и квалитетно снабдување на корисниците со електрична и топлинска енргија и овозможување адекватни услуги за поддршка на сите други заинтересирани страни;
- Подобрување на вкупните резултати во работењето на компанијата преку обезбедување континуиран процес на производство на електрична енергија и намалување на трошоците.

АД ЕЛЕМ - Скопје своите утврдени стратегиски цели ги остварува постојано, преку спроведување и подобрување на ефективноста на системот за менаџмент со квалитет, кој опфаќа:

- утврдување и исполнување на барањата на корисниците, што е во согласност со важечките закони и прописи;
- поставување и остварување на високи цели и стандарди во работењето, што ќе влијаат позитивно на имиџот на компанијата;
- унапредување на технологијата која се користи за одржување и изградба на производните капацитети, високо ниво на погонска подготвеност, сигурност во работата и во заштитата и унапредувањето на животната средина;
- креирање на долгорочни и коректни партнерски односи со сите клиенти што ги исполнуваат бараните стандарди за квалитет;
- континуирана обука и едукацијана вработените како основа на системот за управување со квалитет;
- грижа за работната средина на вработените и постојано подобрување на условите за работа;
- лидерска улога на раководството во сите процеси што ги опфаќа системот за управување со квалитет;
- планирање, спроведување, проверување и преиспитување на сите процеси на системот за управување со квалитет;
- постојано подобрување и надградување на сите процеси на системот за управување со квалитет.

Скопје, 14/06/2018

Д-р Драган Миновски,
Генерален директор